**ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ**
**„ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“**

# И З В Е Ш Т А Ј

за воспитно-образовната работа на училиштето во првото полугодие во учебната 2023/2024 година

**јануари, 2024г.**

**Велес**

Изработил:
Катерина Ефремова - психолог

**Име на училиштето:** Општинско средно училиште „Јовче Тесличков“

**Адреса:** Кукушка бр.37-Велес

**Телефон:** 043 212 098

**e-mail:** usojtv@yahoo.com

**web:** https://jovceteslickov.edu.mk/

ОСУ „Јовче Тесличков“ е лоцирано во центарот на градот, во населбата Дворови. Во близина се наоѓаат државни институции, банкарски институции, Основен суд и главната пошта.



# I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

## 1. Организација на животот и работата во училиштето

Првото полугодие од учебната 2023/2024 година општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ од Велес го заврши успешно, реализирајќи ги содржините согласно наставните планови и програми како и активностите утврдени во Годишната програма за работа на училиштето за оваа учебна година и Развојниот план на училиштето. Како до сега така и во изминатото полугодие орагнизацијата на животот и работата во училиштето се во согласнот со Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование и сите останати закони согласно кои се одвива работата на училиштето.

Согласно календарот за организација на учебната 2023/2024 година во јавните средни училишта, првото полугодие започна на 01.09.2023 година, а заврши на 29.12.2023 година. Зимскиот распуст на учениците започна на 30.12.2023 година, а ќе заврши на 19.01.2024 година.

Наставата во ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес во првото полугодие од 2023/2024 година се одвиваше во една смена, започнувајќи од 7:15 часот. Училишниот час трае 45 минути. После секој наставен час на учениците и наставниците им следува мал одмор од 5 минути, а помеѓу вториот и третиот час, голем одмор со времетраење од 20 минути.

Наставата се одвиваше согласно наставните планови и програми одобрени од Центарот за стручно образование и обука и Бирото за развој на образование при Министерството за образование и наука.

Согласно Конкурсот за упис на ученици во јавните средни училишта на Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, во прва година во учебната 2023/2024 година, во редовна настава се пријавија и запишаа ученици со исполнети услови за следење настава според наставен план и програма за секоторот економија право и трговија во следниве профили: е-трговија и дигитален маркетинг, економски техничар/правен техничар (комбинирана паралелка со зголемен број часови по практично образование - дуална паралелка), економски техничар (со настава на албански наставен јазик) и продавач – референт за продажни услуги (тригодишно времетраење на образование).

Во текот на првото полугодие во училиштето е извршен и инспекциски надзор од страна на:

- Општински просветен инспектор – д-р Македонка Виларова
- Санитарен-здравствен инспектор – Весна Вишинова
- Државен просветен инспектор – Џавит Сулејмани

Увидите беа извршени во однос на организацијата на воспитно-образовната дејност на училиштето за непречен почеток на учебната година и за тековното работење на училиштето. За увидите добиени се записници без забелешки.

Во текот на месец септември се одржаа родителски средби за учениците од прва до чеврта година. Родителите беа информирани за воспитно-образовната работа на училиштето, наставните планови и програми, електронскиот дневник, начинот на оценување на постигнувањата на учениците, користењето на бесплатни учебници, Програмата за советување на родители, кодексот на однесување во училиштето и друго.

На почетокот на учебната година, од страна на Центарот за јавно здравје беше извршен редовен санитарен и здравстен преглед за сите вработени во училиштето, а согласно законските обврски во текот на првото полугодие беа извршени и систематски прегледи на сите вработени во училиштето.

Во текот на првото полугодие наставата се реализираше континуирано со физичко присуство, освен за време на викендите, државните и верските празници.

Во текот на првото полугодие беше направен увид на наставните часови од страна на директорот на училиштето согласно планот за посета на часови за учебната 2023/2024 година.

### 1.1 Стручно педагошка екипираност на училиштето со кадарот

Во текот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година согласно систематизацијата на работни места и нормативот за кадар, за остварување на целите и задачите на севкупната дејност на училиштето беа ангажирани следните структури:

| Ред. бр. | Работна позиција | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | |
| 1. | Директор | 1 | / | 1 |
| 2. | Психолог | / | 1 | 1 |
| 3. | Педагог | / | 1 | 1 |
| 4. | Наставник | 13 | 18 | 31 |
| 5. | Советник за правни работи - секретар | 1 | / | 1 |
| 6. | Хигеничар | 1 | 2 | 3 |
| 7. | Хаусмајстор | 1 | / | 1 |
| 8. | Ноќен чувар | 1 | / | 1 |
| **Вкупен број на вработени** | | **18** | **22** | **40** |

### 1.2 Планирање и програмирање на наставата

За успешна реализација на наставните планови и програми неопходно е соодветно планирање на наставниот процес. Во нашето училиште согласно методско–педагошките барања за квалитетно реализирање на наставните планови и програми сите наставници за сопствениот наставен предмет, на почетокот на учебната година, изработија годишни планирања кои ги доставија на увид кај директорот и психологот. Планирањата на модуларните единици (тематските планирања) наставниците ги изработуваа во текот на полугодието најдоцна една недела пред почетокот на предвидената модуларна единица согласно наставните планови и програми и истите ги доставуваа на служвен меил на училиштето со цел заштеда на хартија. Посебно важна задача од областа на планирањето на наставната материја беше изработката на дневни оперативни планови за работа на час кои произлегуваа од тематските планирања. Наставниците секојдневно подготвуваат дневен оперативен план за час.

Квалитетно водење и реализирање на воспитно–образовниот процес во наставата во текот на првото полугодие во учебната 2023/2024 година наставниот кадар го овозможи преку:

- примена на настава прилагодена на индивидуалните интереси и можности, тимска настава, во групи, воспоставување на корелација со слични и различни наставни предмети;
- примена на ИКТ во наставата

- примена на современи нагледни средства за изведување на наставата;
- изготвување на инструменти за вреднување на знаењата на учениците, односно тестови на знаења.

ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес продуцира кадри за потребите на пазарот на трудот на локално, регионално и национално ниво преку примарната функција: подготовка на компетентни кадри за извршување на соодветен вид и сложеност на работа во стопанството, услужните дејности и финансиските институции.

Наставата која е наменета за нашите ученици има основна цел, оспособување за самостојна работа и за таа цел се користат наставно-нагледни средства и помагала со кои располага училиштето.

За дополнителната и додатната настава во училиштето наставниците изготвија програма за реализација која ја приложија на увид кај директорот и психологот, а часовите се реализираа според распоредот за дополонителна и додатна настава изготвен на почетокот на учебната година.

Наставниците постојано ги следат постигнувањата и напредокот на учениците и спроведуваат објективно оценување на истите. Потврда за тоа дека оценувањето на учениците во училиштето е транспарентно и реално, согласно критериумите за оценување кои секој наставник ги изработува за својот наставен предмет и истите ги достави на увид кај директорот и психологот на училиштето. Важно е да се напомене дека со истите критериуми за оценување се запознаени учениците, а родителите можат да ги добијат доколку ги побараат.

### 1.3 Превземени активности во текот на годината за подобрување на услови за работа

Пред започнување на учебната 2023/2024 година, во просториите на училиштето се спроведе акција за дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Центарот за јавно здравје во Велес. Со тоа се овозможија комплетно исчистени, дезинфекцирани и дератизирани училници и работни простории.

Техничката служба во училиштето спроведе увид и интервенција на целиот училишен објект во текот на летниот период и со тоа се подобрија безбедносните услови за изведување на наставата. Службата спроведе молерисување и фарбање во просториите каде беше потребно. Беше исконтролирана и состојбата на парните котли и радијатори, беа превземени потребните реконструкции и со тоа се создадоа услови за старт на грејната сезона. Дворната површина, предна и задна, беше исчистена и хортикултурно уредена согласно можностите на училиштето.

Во текот на првото полугодие:

- во училиштето се изврши реконструкција и санација на плафонската површина на спортската сала;
- од компанијата Маркарт Македонија ДООЕЛ с.Караслари Велес училиштето доби донација од 20 компјутери со тастатури и мауси, 6 бели ротирачки табли, 1 биро и 4 маси за состаноци со кои се опреми кабинет за дигитален маркетинг;
- училиштето доби 20 монитори од организацијата Донирај компјутер;
- по добиената согласност за отпис и расходување од основачот, се исфрлија старите и неупотребливи врати и прозорци од дворот на училиштето;
- се одржа ученичка забава со цел поврзување на учениците и јакнење на нивните социјален живот наадвор од училиштето.

Училиштето располага со училишна библиотека која е достапна за сите ученици и вработени. Истата располага со богат фонд на книги и лектирни изданија. Во склоп на училишната библиотека фигурира и економската библиотека која што содржи наслови од соодветената струка и профилите кои се изучуваат кај нас. Со ова им се овозможува на сите субјекти (учениците и наставниците) да ги збогатуваат своите знаења, богатење на содржината на часевите, помош при изработка на есеи, проектни задачи и други активности.

**Преглед на учениците при запишувањето во I (прва) година во учебната 2023-2024 год.**

**Табела бр.1**

| **Ред. број** | **Струка / сектор** | **Време-траење на образованието** | **Успех од основното училиште** | | | | Повтору-вачи | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одличен | Многу добар | Добар | Доволен | | |
| 1. | Економско-правна и троговска / економија, право и трговија | Четиригодишно | 8 | 16 | 22 | 3 | | **63** |
| | | Тригодишно | | | 10 | 2 | 2 | |

**Преглед на учениците и паралелките по профили на крајот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година**

**Табела бр. 2**

| **Област на изучување** | **Профил** | **I (прва) година** | | **II (втора) година** | | **III (трета) година** | | **IV (четврта) година** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пар | уче | пар | уче | пар | уче | пар | уче |
| **Струка: Економско-правна и трговска / Сектор: Економија право и трговија** | **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг** | **1-а** | 19 | **/** | / | **/** | / | **/** | / |
| | **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор** | | | **2-а** | 30 | | | | |
| | **Економски техничар / Бизнис администратор** | **/** | / | **/** | / | **3-а** | 12 | **/** | / |
| | **Економски техничар / Правен техничар (дуална паралелка)** | **1-б** | 10 | **/** | / | **/** | / | **/** | / |
| | **Бизнис администратор** | **/** | / | **/** | / | **/** | / | **4-а** | 5 |
| | **Економски техничар (дуална паралелка)** | **/** | / | **2-б** | 14 | **/** | / | **/** | / |
| | **Економски техничар (албански наставен јазик)** | **1-в** | 20 | | | | | | |
| | **Економски техничар** | **/** | / | **/** | / | **/** | / | **4-б** | 10 |
| | | **/** | / | **/** | / | **/** | / | **4-в** | 11 |
| | **Продавач – Референт за продажни услуги** | **1-г** | 14 | **2-в** | 16 | **3-б** | 7 | **/** | / |
| | | **/** | / | **/** | / | **3-в** | 8 | **/** | / |
| **Вкупно** | | **4** | **63** | **3** | **60** | **3** | **27** | **3** | **26** |
| **Вкупно ученици од I до IV година на крајот на првото полугодие** | | **176** | | | | | | | |

На крајот на првото полугодие од учебната 2023/2024 година, распоредот на ученици по паралелки е следниот:

- I (прва) година - вкупно 63 ученици во четири паралелки:
  - Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг
  - Економски техничар / Правен техничар (комбинирана паралелка и според наставен план со зголемен број на часови по практично образование-дуална паралелка);
  - Економски техничар (албански наставен јазик);
  - Продавач-референт за продажни услуги (тригодишно образование).

- II (втора) година – вкупно 60 ученици во три паралелки:
  - Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор (комбинирана паралелка);
  - Економски техничар (според наставен план со зголемен број на часови по практично образование-дуална паралелка);
  - Продавач-референт за продажни услуги (тригодишно образование)

- III (трета) година – вкупно 27 ученици во три паралелки:
  - Економски техничар / Бизнис администратор (комбинирана паралелка);
  - Продавач-референт за продажни услуги – 2 (две) паралелки со тригодишно образование.

- IV (четврта) година – вкупно 26 ученици во три паралелки:
  - Бизнис администратор;
  - Економски техничар – 2 (две) паралели).

На крајот од првото полугодие во оваа учебна година, настава следеа вкупно 176 ученици, што е за 6 ученици помалку во споредба со почетокот на учебната година. Намалениот број се должи на испишување на учениците поради продолжување на образованието во друго средно училиште, поради заминување во странство, како и поради промена на статус од редовен во вонреден ученик (ученици од четврта година).

**Наставен кадар**

**Табела бр. 3**

| **Наставен јазик** | **Степенот на стручна оспособеност** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Д-р.** | **М-р** | **VII-1** | **VI** | **IV** |
| Македонски | / | 4 | 24 | / | / |
| Албански | / | / | 3 | | |
| **Вкупно** | **/** | **4** | **27** | **/** | **/** |

**Преглед на стручен кадар**

**Табела бр. 4**

| Профил | Степенот на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Д-р.** | **М-р** | **VII-1** | **VI** | **IV** |
| Педагог | / | / | 1 | / | / |
| Психолог | / | / | 1 | / | / |
| Советник за правни работи - секретар | / | / | 1 | / | / |
| Библиотекар | / | / | / | / | / |
| **Вкупно** | / | / | **3** | / | **/** |

**Раководен кадар**

**Табела бр. 5**

| **Функција** | **Завршено образование** | | | **Работен стаж** | **Работно искуство на оваа функција** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Д-р** | **М-р** | **VII-1** | | |
| Директор | / | 1 | / | 11 години и 1 месеци | 1 година и 9 месеци |

**Останати вработени**

**Табела бр.6**

| **Технички персонал во училиштето** | | | |
|---|---|---|---|
| Занимање | Ноќен чувар | Хигеничар | Хаусмајстор |
| **Вкупно** | **1** | **3** | **1** |

## 2. Настава – видови настава

### 2.1. Реализација на воспитно-образовната работа во училиштето

Наставата од почетокот на првото тримесечје па се до крајот на полугодието се реализираше со физичко присуство. На учениците им беше овозможено да стекнат теоретски и практични знаења од областа на економијата, правото и трговијата преку спроведување на настава во четири профили со четиригодишно образование, и тоа: техничар за е-трговија и дигитален маркетинг, економски техничар, правен техничар и бизнис администратор и во еден профил со тригодишно образование, односно продавач – референт за продажни услуги.

Наставниците континуриано го следеа совладувањето на наставниот материјалот од страна на учениците и им помагаа за полесно совладување на темите преку различен пристап за секој ученик. Наставниците за проверка на знаењата ги користеа современите алатки кои им беа на располагање. Транспарентноста и објективноста во оценувањето се неизоставен дел и главно обележје на наставниците.

За учениците кои покажуваа послаби резултати, наставниците организираа и реализираа дополнителна настава, а за оние ученици кои покажуваа забележителен успех и интерес по однос на одреден предмет се реализираше додатна настава. Преку овие форми на настава училиштето ги исполнува потребите на учениците за остварување на минимум знаења од струката и им овозможува на солидните ученици да напредуваат во предметите од интерес.

За потребите на учениците кои полагаа диференцијални испити и за вонредните ученици се реализираше и консултативната настава.

Во склоп на редовната настава, покрај редовните предмети, во трета и четврта година учениците изучуваат изборни предмети. Во трета година, според наставен план и модуларно дизајнирани програми, учениците избираат еден модул составен од два изборни предмети кои ги изучуваат првиот предмет во трета, а другиот во четрта година. Изборот на модулот, секој ученик го прави кон крајот на втора година со пополнување на анкетен лист. Оваа учебна година учениците ги изучуваа следните изборни предмети:

- Нотарско и извршителско работење;
- Однесување на потрошувачите;
- Лични финансии;
- Менаџмент;
- Меѓународни трговски трансакции;
- Интегрирани маркетинг комуникации; и
- Осигурување

Наставниците, евиденцијата на наставните часови, оценките и останатите активности ги евидентираат во електрнискиот дневник. На крајот на секој месец, наставниците имаа обврска да ги испечатат и зачуваат реализираните наставни содржини и изостаноци во посебни досиеја.

На почетокот на наставната година беа организирани и родителски средби за учениците од прва до четврта година година при што родителите од страна на класните раководители беа запознаени со обврските на учениците кон наставата и за кодексот на однесување и грижа за училишниот имот, правилникот за користење на мобилни телефони. Исто така родителите беа информирани за бесплатните учебници, за електронскиот дневник, за Програмата за советување на родителите како и за многу други тековни активности.

Во настојувањето на училиштето да го задржи својот углед, се посвети поголемо внимание на реализацијата на сите поставени задачи во првиот дел на програмата, особено во воспитниот дел и односот ученик – наставник – психолог – директор – родител.

### 2.2 Од реализацијата на наставните планови и програми

Од анализата на реализацијата на наставните планови и програми може да се заклучи дека во првото полугодие од учебната 2023/2024 се реализираа планираните наставни часови.

Исклучок е паралелката I-в каде може да се забележи дека има одредено отстапување во процентот на реализирани часови, поради тоа што оваа паралелка беше формирана подоцна од 16.10.2023 со одлука на Советот на Општина Велес а по претходно позитивно мислење од МОН. Наставниците што реализираат настава во оваа паралелка, во текот на второто полугодие ќе ги надоместат часовите согласно изготвен план, секој по својот предмет соодветно.

Подолу се дадени табеларни прегледи со прикажани проценти на реализирани наставни часови по предмети, профили и години.

**Табеларен преглед на реализираните наставни часови по предмети и профили за учениците од прва година прикажани во проценти**

**Табела бр.7**

| I (прва) година Наставни предмети | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | Економски техничар/ Правен техничар (дуална паралелка) | Економски техничар (албански наставен јазик) | Продавач-референт за продажни услуги |
|---|---|---|---|---|
| | % | % | % | % |
| Македонски јазик | 98 | 96 | 59 | 98 |
| Англиски јазик (прв) | 94 | 97 | 59 | 100 |
| Француски јазик (втор) | 91 | 94 | 65 | / |
| Руски јазик (втор) | / | / | / | / |
| Германски јазик (втор) | 94 | 94 | / | / |
| Математика | 104 | 100 | 65 | 100 |
| Историја | 103 | 94 | 65 | 100 |
| Информатика | 97 | 94 | 65 | 98 |
| Бизнис и претприемништво | / | / | / | 100 |
| Претприемништво и бизнис | 96 | 98 | 65 | / |
| Граѓанско образование | 100 | 97 | 65 | / |
| Деловна комуникација | 96 | 98 | 65 | / |
| Право и државно уредување | 100 | 100 | 65 | / |
| Економска географија | 94 | 94 | 65 | / |
| Музичка култура | 100 | 100 | 65 | / |
| Спорт и спортски активности | 97 | 97 | 65 | 94 |
| Ликовна уметност | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Трговија | / | / | / | 94 |
| Политика на производ | / | / | / | 98 |
| Биологија | / | / | / | 67 |
| Практична настава | / | / | / | 96 |
| Албански јазик | / | / | 22 | / |

.

**Табеларен преглед на реализираните наставни часови по предмети и профили за учениците од втора година**

**Табела бр.7.1**

| II (втора) година Наставни предмети | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор | Економски техничар (дуална паралелка) | Продавач - референт за продажни услуги |
|---|---|---|---|
| | % | % | % |
| Македонски јазик | 98 | 92 | 98 |
| Англиски јазик I | 91 | 86 | 97 |
| Француски јазик II | 94 | 89 | / |
| Руски јазик II | 94 | 89 | / |
| Германски јазик II | 94 | 89 | / |
| Деловен англиски | 94 | / | / |
| Учење преку работа | / | 93 | / |
| Математика | 102 | 94 | 100 |
| Историја | 97 | 90 | 97 |
| Информатика | 97 | 92 | |
| Бизнис и претприемништво | / | / | 94 |
| Претпиемништво и бизнис | 90 | 85 | / |
| Основи на сметководство | 96 | 94 | / |
| Статистика | 94 | 92 | / |
| Право и државно уредување | 97 | 92 | / |
| Административно и канцелариски работи | 96 | / | / |
| Географија | / | / | 91 |
| Спорт и спорт. активнос. | 100 | 94 | 94 |
| Трговија | / | / | 94 |
| Внатрешна трговија | 98 | 92 | / |
| Политика на производ | / | / | 94 |
| Административно право | 94 | / | / |
| Практична настава | / | / | 94 |

**Табеларен преглед на реализираните наставни часови по предмети и профили за учениците од трета година**

**Табела бр.7.2**

| III (трета) година Наставни предмети | Економски техничар / Бизнис администратор | Продавач-референт за продажни услуги |
|---|---|---|
| | % | % |
| Македонски јазик и лит. | 98 | 95 |
| Англиски јазик | 97 | 94 |
| Математика за економисти | 97 | / |
| Бизнис и претприемништво | / | 95 |
| Економија | 100 | / |
| Статистика | 91 | / |
| Маркетинг | 100 | / |
| Трговско право | 100 | / |
| Управно процесно право | 98 | / |
| Социологија | 100 | / |
| Практична настава | / | 97 |
| Учење преку работа кај работодавач | 94 | / |
| Спорт и спортски активности | 97 | 97 |
| Админ.-канцелариски работи | 96 | / |
| Комерцијално работење | 94 | / |
| Финансиско сметководство | 98 | / |
| Финансиско работење | 96 | / |
| Надворешна трговија | 91 | / |
| Однесување на потрошувачите | / | 95 |
| Математика | / | 97 |
| Техники на продажба | / | 97 |
| Трговија | / | 91 |
| **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | |
| Менаџмент | 100 | / |
| Однесување на потрошувачите | 100 | / |
| Лични финансии | 94 | / |

**Табеларен преглед на реализираните наставни часови по предмети и профили за учениците од четврта година**

**Табела бр.7.3**

| IV четврта) година Наставни предмети | Бизнис администратор | Економски техничар |
|---|---|---|
| | % | % |
| Македонски јазик и литература | 96 | 96 |
| Англиски јазик | 94 | 97 |
| Економија | 94 | 95 |
| Учење преку работа кај работодавач | 94 | 92 |
| Кореспонденција | 98 | / |
| Спорт и спортски | 97 | 100 |
| Финансиско работење | 94 | / |
| Проектен менаџмент | 98 | / |
| Логика | 94 | 97 |
| Маркетинг | 97 | / |
| Банкарско работење | / | 88 |
| Математика за економисти | / | 92 |
| Менаџмент и бизнис планирање | / | 97 |
| Финансиско сметководство | / | 95 |
| Психологија | 76 | 78 |
| **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | |
| Меѓународни трговски трансакции | / | 95 |
| Осигурување | / | 98 |
| Интегрирани маркетинг комуникации | / | 95 |
| Нотарско и извршителско работење | 94 | / |

## 2.3 Анализа на работата на стручните активи

Во училиштето постојат три стручни активи: актив на групата општествено – јазични и уметнички предмети, актив на економисти и актив на групата природно – математички предмети.
Во рамките на работата на активите, членовите:

- ги реализираа активностите предвидени во Годишната програма за работа на активите;
- вршеа анализа и истражувања согласно потребите на активот и струката;
- предлагаа воведување на иновации во наставата и меѓусебна посета на часови;
- вршеа анализа на редовноста и успехот и даваа предлози за зголемување на редовноста и успехот на учениците;
- дискутираа за потребите од обуки и едукации на наставниот кадар и друго.

### 2.3.1 Актив на групата општествено-јазични и уметнички предмети

Во текот на првото полугодие од наставната 2023/2024 година, стручниот актив на групата општествено-јазични и уметнички предмети при ОСУ „Јовче Тесличков” изведуваше континуирана реализација на планираните цели, задачи и активности кои се планираат за овој временски период. Во изминатиот период се реализираа задачите во рамките на воспитно-образовните активности како и во рамките на стручно дидактичко усовршување на наставниот кадар.

- 07.09.2023 - наши ученици со професор Жаклина И. Зафирчева присуствуваа на презентирањето на дигиталната изложба посветена на 140-годишнината од раѓањето на Панко Брашнаров. Истата беше подготвена од Државниот архив - Велес, а се одржа во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес;
- 21.09.2023 - ученици од нашето училиште под менторство на професорите Марија Левкова Куновска и Нада Јованова учествуваа на Парадата на Мирот која се одржа во нашиот град по повод Меѓународен ден на мирот;
- 22.09.2023 - во рамките на Европската недела на мобилност ученици од прва и втора година од ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес земаа учество на велосипедската тура и други организирани активности со што го одбележаа 22 Септември- Меѓународниот Ден без автомобили. За оваа активност одговорен професор беше Златко Гуцев;
- 04.10.2023 – професор Жаклина И. Зафирчева и психологот Катерина Ефремова присуствуваа на Свечена приредба по повод Патрониот празник на ООУ „Панко Брашнаров";
- 05.10.2023 - во рамките на ИФАД Стоби 2023, на малата сцена во Народниот театар „Ј.Х.К. Џинот", се одржа театарска работилница на тема ,,Античка драма". На работилницата учествуваа наши ученици со професор Жаклина И. Зафирчева. Работилницата ја водеше велешкиот актер Јордан Витанов, а присутни беа и актерите Весна Димитрова Бобевски и Кире Ацески, како и драматургот Катерина Момева;
- 25.10.2023 - професор Марија Левкова Куновска и ученичката од трета година Сара Велјановска земаа учество на Меѓународна конференција „Креирај го твоето место за растење“ одржана во Скопје, а во организација на КМОП Скопје и Прва Детска Амбасада „Меѓаши“ Скопје;
- 27.10.2023 - под менторство на професорите Марија Левкова Куновска и Рената Софијанова Николова, беше одржана дебата на англиски јазик на тема “Are social networks a blessing or a curse?”. Дебатата беше организирана во склоп на активностите по повод Патрониот празник на училиштето;ж
- 30.10.2023 - како дел од активностите организирани во чест на патрониот празник на нашето училиште, беше реализирана активност од областа на спортот. Имено, на задоволство на нашите ученици, наш гостин беше поранешниот фудбалски репрезентативец и актуелен претседател на Синдикатот на македонските фудбалери, г-дин Панче Ќумбев. Тој одржа предавање пред учениците за улогата на спортот и фудбалот и значењето за физичкиот и психичкиот развој на младата личност. Одговорен професор: Златко Гуцев;

- 31.10.2023 - по повод Патрониот празник на нашето училиште, беше подготвена културно-уметничка приредба која се состоеше од драматизација на „Разделбата на Хектор и Андромаха" и подготвен јавен говор на тема „Јазикот е душата на еден народ". Одговорен професор: Жаклина И. Зафирчева;
- На 10.11.2023 освоена пофалница за ораторство на Детските Рацинови средби за нашата ученичка Емили Петрова и менторот професор Жаклина И. Зафирчева.
- На 27.11.2023 ученици од III-а и II-а клас, со професор по македонски јазик, Жаклина И. Зафирчева, ја посетија изложбата по повод 84 години од излегувањето од печат на стихозбирката „Бели мугри“ од Коста Солев Рацин. Истата беше поставена во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес.
- На 14.11.2023, по повод Патрониот празник на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес, на конкурсот за изработка на дигитален постер на тема „Влијанието на ефектот на стаклена градина на планетата Земја“, второ место освои ученичката Марија Бошевска од II-а клас, ментор професор Жаклина И. Зафирчева.

### 2.3.2 Актив на економисти

Во текот на првото полугодие од наставната 2023/2024 година Стручниот актив на економисти при ОСУ „Јовче Тесличков” изведуваше континуирана реализација на планираните цели, задачи и активности кои се планираат во овој временски период. Во изминатиот период се реализираа задачите во рамките на воспитно образовните активности како и во рамките на стручно дидактичко усовршување на наставниот кадар. Активот на економисти ги спроведе следниве активности:

- 07.09.2023 – наши ученици, со професор Наташа Михова, присуствуваа на пригодна свеченост организирана од Општина Велес по повод 8 Септември, Денот на независноста на Македонија;
- 18.09.2023 – почетен тренинг за зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средните стручни училишта и образованието на возрасните, на кој учествуваа професорите Нада Јованова и Маја Талеска Панова;
- 05-06.10.2023 – обука за Ученички компании во организација на Џуниор Ачивмент Македонија на која присуствуваше професор Соња Савевска;
- 25.10.2023 – посета на Основен суд Велес по повод Денот на правдата, од страна на дваесеттина ученици со наставниците Тодорка Маџарова и Бранка Андовска;
- 25.10.2023 - во рамки на одбележувањето на Патрониот празник на нашето училиште, беше одржана презентација на Маркетинг планот со кој нашите ученици Ѓоре Ѓакев, Езѓур Хасанов, Ана Тодорова и Мартин Станчев претходната година освоија II место и сребрен медал на натпреварот меѓу средните стручни училишта - МАССУМ. Целта беше нашиот тим да ја претстави својата идеја, да покаже како се изработува и презентира квалитетен маркетинг план и своето знаење да го сподели со останатите ученици. Одговорни професори Ангелина Мачавелова и Соња Савевска;
- 26. 10. 2023 во чест на патрониот празник на нашето училиште се одржа Квиз – Финансиски прозорец кон дигиталниот свет, под мотото Дигиталната иднина на финансиите е отворена, играта може да почне. Се натпреваруваaа 4 тим во 5 категори: Финансиска писменост на kahoot, Асоцијации, Puzzles - Брзо пријавување пронајди економски термини, Бунар на финансиски термини, и Пронаоѓач на богатство. Водилка при дигиталната подготовка на овој квиз беше тренингот за стекнување на дигитални вештини и вештини за организирање и промовирање на настан од страна на тимот од профилот Дигитален маркетинг - Леонид Велинов и Филип Спиров од 1а клас, Маркетинг агенциите: JTDigital, Digital discovery, Futurelix, од 2а и 2б клас под менторство на наставниците Каролина Манаскова, Радмила Андовска, Марија Панчевска и Маја Талеска Панова.За натпреварувачите мотивот беше - Инвестирањето во финансиската едукација е инвестирање во иднината. Победник на овој квиз беше тимот - ТИМ1 Варналиев Марко, Кристијан Костадиновски, Ангела Јошевска од 1а клас;

- 31.10.2023 – како дел од прославата на Патрониот празник на училиштето беше и официјалното отворање за работа на Кабинет за дигитален маркетинг со техничка опрема донација од Маркарт Македонија ДООЕЛ. Наставниците Маја Талеска Панова и Радмила Андовска присуствуваа на настанот;
- 02.11.2023 - Се изврши тестирање на платформата во нашето училиште за да се утврди како функционира тргувањето на виртуелни фирми од креирање на фирма, работа со документи во набавна, продажна и складишна служба, купување и продажба на производи. Тестирањето го изврши професор Антонио Пановски и директорот м-р ВаскоТрајковски со вкупно 20 ученика, а беа присутни и други професори.
- 07.11.2023 По повод Светскиот ден на штедењето, учениците од трета година кои го изучуваат предметот Лични финансии, подготвија едукативна работилница на која учествуваа ученици од прва година. Под мотото ,,Не штеди на љубов, штеди пари" преку интерактивна презентација осмислија еден креативен пат кон финансиската свесност и одговорно управување со финансиите за нивен личен и професионален развој. Оваа интерактивна активност ги предизвика учениците да ги применат новите знаења и информации кои ги научиле преку презентацијата за решавање на крстозборот кој го изработија, како и на дијалог и дискусија за различни аспекти на финансиската едукација. Одговорен наставник: Маја Талеска Панова.
- На 18.12.2023, во Европската куќа во Велес, учениците кои се дел од трите маркетинг агенции во нашето училиште, се претставија со својата креативна работа во областа на дигиталниот маркетинг под мотото „Нашите маркетари ги раскажуваат најдобрите приказни. Иновирај, информирај, инспирирај... Ослободи го својот креативен потенцијал преку уметноста на Дигиталниот маркетинг... Биди новата генерација дигитални маркетари!“ На настанот учествуваа и ученици од IX одделение од сите основни училишта од градот: ООУ „Панко Брашнаров“, ООУ „Васил Главинов“, ООУ „Блаже Конески“, и ООУ „Св. Кирил и Методиј“. Одговорни наставници Маја Талеска Панова, Марија Панчевска, Каролина Манаскова и Радмила Андовска.
- Во периодот од 22 до 24 ноември 2023 година, во хотел Инекс Олгица во Охрид, се одржа „Тематска обука за провајдери на СОО со цел подигање на свеста за мобилностите во полето СОО и признавање на резултатите од учењето“.Организатор на настанот беше Националната Агенција за европски образовни програми а учесници беа претставници од средни стручни училишта, МОН и ЦССО. На настанот учествуваа Маја Талеска Панова и Радмила Андовска.
- 25.12.2023 - Се одржа традиционалното предновогодишно дружење на нашите ученици од Маркетинг Агенциите со дечињата од ОУРЦ „Маца Овчарова“ кои како и секогаш ни ги стоплија срцата со нивните најсрдечни насмевки. Одговорни наставници Радмила Андовска и Каролина Манаскова.

### 2.3.3 Актив на групата природно- математички предмети

Стручниот актив на природно – математичките групи на предмети во првото полугодие за учебната 2023/ 2024 година во ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес ги реализираше активностите спред програмата за реализација на активот на групата природно – математички предмети.

Посебно внимание се посвети на анализата на успехот на учениците и како да се подобри истиот и пронаоѓање на нови дополнителни алатки за реализација на наставата и проверка на знаењата на учениците.

Во текот на првото полугодие, наши ученици и членовите на активот како нивни ментори напишаа и презентираа теми со следните наслови:

- „Природни броеви“, изработена и презентирана од Мазес Сулиманова од 1б клас под менторство на професор Горан Цветановски, 20.10.2023;
- „Ветерници и изградба на нови ветерници во Р.С.Македонија“, тема изработена и презентирана од Леонид Велинов, Ia клас, под менторство на професор Методија Бузалковски, на 15.11.2023;
- „Каматна стапка“, презентација и изработка од страна на Филип Спиров од Ia клас, под менторство на професор Горан Цветановски, на 27.12.2023.

### 2.4 Од примената на наставни техники на учење и поучување

Училиштето „Јовче Тесличков“ од Велес го следи современиот тек на македонскиот образовен систем. Во наставниот процес се вклучени бројни методи и техники на учење. Реализацијата на наставата во учебната 2023/2024 година се одвива преку индивидуална работа, работа во парови и групи. Наставниците поттикнуваат кооперативен натпреварувачки дух со цел да ја зголемат мотивацијата кај учениците за стекнување знаења, но и да градат вештини на тимска работа и соработка. Развивање на интересите на учениците постигнуваме и преку учество во креирање на динамиката на часот заедно со наставникот.

### 2.5 Од примената на наставната технологија во наставата

Современиот начин на живот го наметнува императивот секој човек особено младиот човек да умее да користи технологија во учењето и работењето. Наставниот процес го вклучува овој факт и во себе ги инкорпорира техниката и технологијата со цел да создадеме квалитетни кадри кои ќе излезат спремни на пазарот на трудот. Училиштето во функција на примена на наставна технологија располага со персонални компјутери за учениците, персонален компјутер и лап топ за секој наставник, смарт табла, интерактивни бели табли во секоја училница, ЛЦД проектори, како и принтери и фотокопир за потребните работни материјали за учениците.

### 2.6 Методи и техники на оценување и вреднување на учениците

Наставниците перманентно ги следат ученичките знаења во наставата, а воедно и објективно ги оценуваат со примена на современи методи, со што се добива транспарентност во оценувањето, една од важните компоненти за квалитетно образование.

За вреднување и оценување на трудот и залагањата на учениците, наставниот кадар во првото полугодие ги користеше следниве начини:

- Усно оценување
- Бројчано оценување од 1- 5
- Писмена работа односно проверување на знаењето
- Тестови на знаења, контролни работи со самостојно изготвување на инструменти за вреднување на знаењата
- Оценување преку проектна задача

### 2.7 Согледување за реализација на додатна, дополнителна и вонnаставни активности

**Дополнителната настава** како дел од воспитно-образовниот процес во нашето училиштето се организира за учениците кои покажуваат послаби резултати и имаат помали и поголеми потешкотии при совладувањето на наставните содржини од одредени предмети. За реализација на оваа настава секој предметен наставник изготви план за реализација и истиот го достави на увид кај психологот и директорот на училиштето на почетокот на учебната година. На учениците им беа понудени различни форми на помош за совладување на темите согласно можностите за секој ученик. Освен дополнителната настава со група ученици, се практикуваше и индивидуална работа со ученици и упатување во суштината на содржините и методите за поуспешно учење.

Покрај дополнителна настава во првото полугодие се реализираше и **додатна настава** во која пред сè беа вклучени ученици кои се подготвуваа за натпревари и ученици кои се истакнуваа со своите знаења и вештини, ученици кај кои наставниците препознаа одредени таленти и надареност за општи и специфични области. И за додатната настава наставниците изготвија план за реализација.

Подрачјето на воннаставна активност беше проткаено со содржини и активности кои се реализираа надвор од наставата:

- Проектни активности;
- Заштита и унапредување на здравјето на учениците и култура на живеење;
- Соработка со родители;
- Слободни ученички активности.

## 2.8 Учество на организирани манифестации

### 2.8.1 Останати активности

Покрај активностите кои беа реализирани од претставниците на секој актив поединечно, во училиштето се спроведуваа и други активности во кои учество земаа професори- претставници од сите активи, како и психологот на училиштето и директорот. Реализирани беа следниве активности:

- 06.10.2023 – работилница за ментално здравје и врсничко насилство, спроведена од психологот Катерина Ефремова со учениците од паралелка 2-в;

- 09.10.2023 – работилница за ментално здравје и врсничко насилство, спроведена од психологот Катерина Ефремова со учениците од паралелка 1-б;

- 10.10.2023 – работилница за ментално здравје и врсничко насилство, спроведена од психологот Катерина Ефремова со учениците од паралелка 2-а;

- 10.10.2023 – едукативна работилница под наслов „Порој од пофалби“, спроведена од психологот Катерина Ефремова за учениците од паралелка 4-б;

- 16-17.10.2023 – директорот на училиштето Васко Трајковски следеше обука како дел од проектот за Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средните стручни училиша и образованието на возрасните;

- 24.10.2023 - во рамки на активностите по повод патрониот празник на училиштето и согласно програмата за ментално здравје, училишниот психолог Катерина Ефремова, спроведе работилница на тема „Благодарност кон телото”. На работилницата учествуваа ученици од прва, втора, трета и четврта година;

- 27-29.10.2023 - во Охрид се одржа семинар на тема „Значење на еуропас платформата во процесот на кариерно советување“ во организација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Целта на семинарот беше да се запознаат учесниците со креирање на Еуропас профил за учениците со што ќе се овозможи нивно вмрежување на европскиот пазар на труд и образование. За оваа цел беше иницирано создавање и возобновување на центри за кариерно советување пред преставникот на МОН со кој беа споделени идните планови и предизвици кои ќе се соочат училиштата со нивното воведување. Преставник од нашето училиште беше Маја Талеска Панова;
- 07.11.2023 - во Хотел Арка-Скопје, професор Бранка Андовска учествуваше на работилница во склоп на Регионален проект за обезбедување на квалитет на работата на координаторите за учење преку работа. Тема на работилницата беше обезбедување на квалитет во работата на КУПР ОеАД - Национален настан за вмрежување, Валидизација на инструментите за обезбедување на квалитет во работата на КУПР, во организација на МОН, БРО, Центар за средно стручно образование и Министерство за образование на Република Австрија.
- 22.11.2023 - 24.11.2023 - Во хотел Инекс Олгица во Охрид се одржа „Тематска обука за провајдери на СОО со цел подигање на свеста за мобилностите во полето СОО и признавање на резултатите од учењето”. Организатор на настанот беше Националната

Агенција за европски образовни програми а учесници беа претставници од средни стручни училишта, МОН и ЦССО.

- На 14 и 15.12.2023 во Хотел Континентал-Скопје, професор Бранка Андовска учествуваше на работилница во рамките на Регионален проект за обезбедување на квалитет на работата на координаторите за учење преку работа. Тема на работилницата беше „Менторство на наставници по практична настава“, во организација на МОН, БРО и Центар за средно стручно образование.
- Од 27.12.2023 до 30.12.2023 учениците и наставниците од нашето училиште со продажба на изработените дигитални честитки учествуваа во четиридневниот новогодишен хепенинг во Младински парк во Велес. Под мотото „Празнично е да си дома – дома е Велес“, Општина Велес го организираше Новогодишниот базар. Новогодишните честитки во печатена и електронска форма беа изработени под менторство на професор Каролина Манаскова, а на штандот беа присутни поголем дел од наставниците и учениците.

### 2.8.2 Учество во Проекти во тековната година

Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година активно продолжија активностите во рамки на проектот „Учиме преку работа во училиште и се подготвуваме за работа во стопанството“. Редовно се одржуваа средби со претставници од партнер училиштето „Вук Караџиќ“ од Велика Плана, Република Србија и тоа на 29.09.2023, 29.10.2023 и 28.11.2023. Повеќе информации за сите спроведени активности во рамките на овој проект можат да се најдат на веб страната на нашето училиште https://jovceteslickov.edu.mk/?page_id=476.

## АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ И РЕДОВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### Преглед на успехот по предмети

**Табела бр.8**

| ПРЕДМЕТИ | 5 | % | 4 | % | 3 | % | 2 | % | 1 | % | но | % | вк | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 28 | 15,9 | 21 | 11,9 | 35 | 19.9 | 43 | 24,4 | 46 | 26,1 | 3 | 1,7 | 176 | 2,76 |
| Англиски јазик | 38 | 21,62 | 18 | 14,7 | 27 | 12,5 | 75 | 42,6 | 20 | 11,4 | 3 | 1,7 | 176 | 3,0 |
| Француски јазик (втор) | 7 | 11,5 | 10 | 16,4 | 6 | 9,8 | 20 | 32,8 | 16 | 26,2 | 2 | 3,3 | 61 | 2,5 |
| Руски јазик (втор) | 2 | 25,0 | 4 | 50,0 | 2 | 25,0 | - | - | - | - | - | - | 8 | 4,00 |
| Германски јазик (втор) | 3 | 18,8 | 11 | 57,9 | 4 | 21,1 | - | - | - | - | 1 | 5,3 | 19 | 3,79 |
| Право и државно уредување | 15 | 19,0 | 11 | 13,9 | 29 | 36,7 | 17 | 21,5 | 4 | 5,1 | 3 | 3,8 | 79 | 3,2 |
| Граѓанско образование | 8 | 17,0 | 11 | 23,4 | 14 | 29,8 | 14 | 29,8 | 3 | 6,4 | - | - | 47 | 3,3 |
| Претприемништво и бизнис | 17 | 18,7 | 12 | 13,2 | 27 | 29,7 | 26 | 28,6 | 8 | 8,8 | 1 | 1,1 | 91 | 3,1 |
| Бизнис и претприемништво | 2 | 6,9 | - | - | 3 | 10,3 | 8 | 27,6 | 16 | 55,2 | - | - | 29 | 1,8 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Деловна комуникација | 6 | 12,8 | 6 | 12,8 | 12 | 25,5 | 17 | 36,2 | 6 | 12,8 | - | - | 47 | 2,8 |
| Економска географија | 11 | 23,4 | 3 | 6,4 | 14 | 29,8 | 14 | 29,8 | 5 | 16,6 | - | - | 47 | 3,0 |
| Географија | - | - | - | - | 1 | 6,3 | 10 | 62,5 | 5 | 31,3 | - | - | 16 | 1,8 |
| Внатрешна трговија | 17 | 40,5 | 5 | 11,9 | 10 | 23,8 | 9 | 21,4 | - | - | 1 | 2,4 | 42 | 3,7 |
| Трговија | 1 | 2,1 | 1 | 2,1 | 5 | 10,5 | 23 | 48,9 | 15 | 31,9 | 2 | 4,3 | 47 | 1,9 |
| Биологија | - | - | - | - | - | - | 4 | 28,6 | 10 | 71,4 | - | - | 14 | 1,3 |
| Политика на производ | - | - | - | - | 7 | 21,9 | 19 | 59,4 | 4 | 12,5 | 2 | 6,3 | 32 | 2,0 |
| Музичка култура | 10 | 21,3 | 5 | 10,6 | 6 | 12,8 | 10 | 21,3 | 16 | 34,0 | - | - | 47 | 2,6 |
| Ликовна уметност | 32 | 50,8 | 9 | 14,3 | 20 | 31,7 | - | - | - | - | 2 | 3,2 | 63 | 4,2 |
| Административно канцелариски работи | 1 | 20,0 | 1 | 20,0 | 2 | 40,0 | - | - | - | - | 1 | 20,0 | 5 | 3,2 |
| Математика | 6 | 4,2 | 27 | 19,0 | 34 | 23,9 | 53 | 37,3 | 19 | 13,4 | 3 | 2,1 | 142 | 2,7 |
| Математика за еконмисти | 7 | 22,6 | 7 | 22,6 | 6 | 19,4 | 2 | 6,5 | 9 | 24,0 | - | - | 31 | 3,0 |
| Историја | 35 | 28,5 | 27 | 22,0 | 21 | 17,1 | 29 | 23,4 | 8 | 6,5 | 3 | 2,4 | 123 | 3,4 |
| Информатика | 21 | 17,1 | 19 | 15,4 | 29 | 23,4 | 28 | 22,8 | 7 | 5,7 | 3 | 2,4 | 123 | 2,9 |
| Банкарско работење | 3 | 14,3 | 1 | 4,8 | 2 | 9,5 | 13 | 61,9 | 2 | 9,5 | - | - | 21 | 2,5 |
| Практична настава | 2 | 4,3 | 2 | 4,3 | 11 | 23,4 | 29 | 61,7 | 1 | 2,1 | 2 | 4,3 | 47 | 2,3 |
| Статистика | 15 | 34,1 | 7 | 15,9 | 11 | 25,0 | 6 | 13,6 | 4 | 9,1 | 1 | 2,3 | 44 | 3,5 |
| Економија | 6 | 15,8 | 8 | 21,1 | 5 | 13,2 | 14 | 36,8 | 5 | 13,2 | - | - | 38 | 2,9 |
| Основи на сметководството | 2 | 11,8 | 1 | 5,9 | 4 | 23,5 | 6 | 35,3 | 3 | 17,6 | 1 | 5,9 | 17 | 2,6 |
| Деловен англиски јазик | 16 | 57,1 | 6 | 24,4 | 4 | 14,3 | 1 | 3,6 | - | - | 1 | 3,6 | 28 | 4,4 |
| Административно право | 1 | 33,3 | - | - | 1 | 33,3 | - | - | - | - | 1 | 33,4 | 3 | 4,0 |
| Спорт и спортски активности | 59 | 33,5 | 38 | 21,6 | 19 | 10,8 | 55 | 31,3 | 2 | 1,1 | 3 | 1,7 | 176 | 3,6 |
| Техники на продажба | 1 | 6,7 | 1 | 6,7 | 2 | 13,4 | 8 | 53,2 | 3 | 20,0 | - | - | 15 | 2,3 |
| Однесување на потрошувачите | 1 | 6,7 | 1 | 6,7 | 2 | 13,4 | 8 | 53,2 | 3 | 20,0 | - | - | 15 | 2,3 |
| Трговско право | 4 | 33,3 | 4 | 33,3 | - | - | 2 | 16,7 | 2 | 16,7 | - | - | 12 | 3,5 |
| Управно процесно право | - | - | - | - | 2 | 100,0 | - | - | - | - | - | - | 2 | 3,0 |
| Социологија | 5 | 41,7 | 3 | 25,0 | 2 | 16,7 | 2 | 16,7 | - | - | - | - | 12 | 3,9 |
| Учење преку работа кај работодавач | 37 | 71,2 | 9 | 11,3 | 5 | 9,6 | 1 | 1,9 | - | - | - | - | 52 | 4,6 |
| Комерцијално работење | - | - | - | - | - | - | 2 | 100,0 | - | - | - | - | 2 | 3,0 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Финансиско сметководство | 4 | 19,0 | 1 | 4,8 | 2 | 9,5 | 6 | 28,6 | 8 | 38,1 | - | - | 21 | 2,4 |
| Финансиско работење | 4 | 26,7 | - | - | 4 | 26,7 | 7 | 46,6 | - | - | - | - | 15 | 3,1 |
| Надворешна трговија | 4 | 40,0 | 3 | 30,0 | 1 | 10,0 | 1 | 10,0 | 1 | 10,0 | - | - | 10 | 3,8 |
| Кореспонденција | - | - | - | - | 2 | 40,0 | 3 | 60,0 | - | - | - | - | 5 | 2,4 |
| Психологија | 2 | 7,7 | 3 | 11,5 | 3 | 11,5 | 18 | 69,3 | - | - | - | - | 26 | 2,6 |
| Логика | 4 | 15,4 | 6 | 23,1 | 3 | 11,5 | 12 | 46,2 | 1 | 3,8 | - | - | 26 | 3,0 |
| Маркетинг | 4 | 23,5 | 3 | 17,6 | 2 | 11,8 | 5 | 29,4 | 3 | 17,6 | - | - | 17 | 3,0 |
| Проектен менаџмент | - | - | - | - | - | - | 5 | 100,0 | - | - | - | - | 5 | 2,0 |
| Менаџмент и бизнис планирање | 4 | 19,0 | 2 | 9,5 | 2 | 9,5 | 11 | 52,4 | 2 | 9,5 | - | - | 21 | 2,8 |
| **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| Однесување на потрошувачите | 4 | 80,0 | - | - | 1 | 20,0 | - | - | - | - | - | - | 5 | 4,6 |
| Лични финансии | 4 | 80,0 | - | - | - | - | 1 | 20,0 | - | - | - | - | 5 | 4,4 |
| Менаџмент | - | - | - | - | - | - | 2 | 100,0 | - | - | - | - | 2 | 2,0 |
| Нотарско и извршителско работење | - | - | - | - | 5 | 100,0 | - | - | - | - | - | - | 5 | 3,0 |
| Меѓународни трговски трансакции | 1 | 12,5 | - | - | 1 | 12,5 | 5 | 62,5 | 1 | 12,5 | - | - | 8 | 2,4 |
| Осигурување | 2 | 40,0 | 1 | 20,0 | - | - | 1 | 20,0 | 1 | 20,0 | - | - | 5 | 3,2 |
| Интегрирани маркетинг комуникации | 3 | 37,5 | - | - | 4 | 50,0 | 1 | 25,0 | - | - | - | - | 8 | 3,3 |
| Вкупно | 489 | 23,1 | 309 | 14,7 | 406 | 19,1 | 616 | 29,0 | 259 | 12,3 | 39 | 1,8 | 2125 | **2,87** |

Од табелата 8 – Преглед на успех по предмети може да се констатира дека **средниот успех на училиштето за првото полугодие во учебната 2023/2024 е 2,87 што во споредба со истиот период од учебната 2022/2023 година е намалување за 0,23 процентни поени.**

Од истата табела може да се види и процентуална застапеност на оценките по предмети, па така од вкупниот број на оценки кои се утврдени на ова полугодие 23,1% се одличен 5, 14,7% се многу добар 4, 19,1% % добар 3, 29,0% доволен 2 и 12,3% се недоволен 1.

Само 1,8% од учениците се неоценети по одредени предмети.

Прегледот ни дава податоци и за најдобар среден успех по предмети каде се истакнуваат предметите: Деловен англиски јазик – 4,4; Учење преку работа кај работодавач – 4,6; Ликовна уметност – 4,2.

Но од истиот преглед може да утврдат и предметите со најслаб среден успех каде се издвојува предметите: Биологија – 1,3; Бизнис и претприемништво – 1,8; Географија – 1,8; Трговија – 1,9.

Од прегледот може да се констатираат и предметите кои процентуално имаат утврдено најмногу оценки одличен (5) односно најмалку оценки недоволен (1).

Па така, со најмногу оценки Одличен (5) учениците се оценети по предметите: Спорт и спортски активности, Англиски јазик, Учење преку работа кај работодавач и Историја. А најмногу оценки Недоволен (1) учениците постигнале по предметот Македонски јазик и литература.

## Прегледи на општиот успех и изостаноците на учениците на крајот од првото полугодие од учебната 2023/2024 година

### Преглед на општиот успех на учениците од профилот <u>Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг и Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг</u>/<u>Бизнис администратор*</u>

**Табела бр.9**

| Год. Обра. | Вк. ученици | Ж | Постигнат успех | | | | | | | | *Вк. без слаби* | Со недоволен успех | | | | | | Неоценети | *Вк. со слаби* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | | Со 1 слаба | | Со 2 слаби | | Со повеќе | | | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | |
| **I година** | **19** | **4** | 2 | 1 | 8 | 2 | 3 | 1 | / | / | ***17*** | 1 | 0 | / | / | 1 | 0 | 0 | 2 |
| **I I* година** | **30** | **16** | 3 | 7 | 4 | 6 | 5 | 2 | / | / | ***27*** | 2 | 0 | / | / | / | / | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **49** | **20** | 5 | 8 | 12 | 8 | 8 | 3 | / | / | ***44*** | 3 | 0 | / | / | 1 | / | 1 | 4 |

### Преглед на изостаноците на учениците од профилот <u>Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг и Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг</u>/<u>Бизнис администратор</u>

**Табела бр.9.1**

| Област на изучување | Година на образование | Изостаноци | | | | Поведение | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Опра | Неоп. | Σ | Просек по уч. 2023/2024 | Прим. | Доб. | Недо. | Σ |
| Економија право и трговија | **I година** | 114 | 32 | 146 | **8** | 19 | / | / | **19** |
| Економија право и трговија | **II* година** | 358 | 52 | 410 | **13** | 30 | / | / | **30** |
| **Вкупно (Σ)** | | 472 | 84 | 556 | **10** | 49 | / | / | **49** |

**Преглед на општиот успех на учениците од профилот <u>Економски техничар/Правен техничар</u>, <u>Економски техничар/Бизнис администратор* и Бизнис Администратор**</u>**

**Табела бр.10**

| Год. на обра. | Вк. ученици | Ж | Постигнат успех | | | | | | | | *Вк. без слаби* | Со недоволен успех | | | | | | Неоценети | *Вк. со слаби* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлични | | Мн.доб | | Добри | | Доволни | | | Со 1 слаба | | Со 2 слаби | | Со 3 и повеќе | | | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | |
| I год | 10 | 7 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | *6* | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 4 |
| III год* | 12 | 9 | 1 | 3 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | *8* | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| IV год** | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | *4* | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Вк | 27 | 18 | 1 | 5 | 0 | 6 | 2 | 1 | 2 | 1 | 18 | 0 | 3 | 1 | 1 | 3 | 1 | 0 | 9 |

**Преглед на изостаноците на учениците од профилот <u>Економски техничар/Правен техничар</u>, <u>Економски техничар/Бизнис администратор* и Бизнис Администратор**</u>**

**Табела бр.10.1**

| Област на изучување | Година на образование | Изостаноци | | | | Поведение | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Опра. | Неоп. | Σ | Просек по уч. 2023/2024 | Прим. | Доб. | Недо | Σ |
| Економија право и трговија | **I – година** | 81 | / | 81 | **8** | 10 | / | / | 10 |
| | **III – година*** | 278 | 54 | 332 | **28** | 12 | / | / | 12 |
| | **IV – година**** | 193 | 33 | 226 | **45** | 5 | / | / | 5 |
| **Вкупно (Σ)** | | **552** | **87** | **639** | **24** | **27** | **/** | **/** | **27** |

**Преглед на општиот успех на учениците од профилот Економски техничар**

**Табела бр.11**

| Год. на Обра. | Вк. Зап | Ж | Постигнат успех | | | | | | | | Вк. без слаб и | Со недоволен успех | | | | | | Неоц енети | Вк. со слаби |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлични | | Мн.доб | | Добри | | Доволни | | | Со 1 слаба | | Со 2 слаби | | Со 3 и повеќе | | | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | |
| **I година** | **20** | **3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 1 | ***5*** | 0 | 0 | 2 | 0 | 11 | 0 | 2 | 15 |
| **II година** | **14** | **9** | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 5 | 0 | 0 | ***10*** | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| **IV година** | **21** | **9** | 1 | 2 | 1 | 3 | 2 | 3 | 0 | 0 | ***12*** | 0 | 1 | 1 | 0 | 7 | 0 | 0 | 9 |
| **Вкупно** | **55** | **21** | 1 | 3 | 1 | 5 | 7 | 9 | 0 | 1 | ***27*** | 1 | 2 | 4 | 0 | 19 | 0 | 2 | 28 |

**Преглед на изостаноците на учениците од профилот Економски техничар**

**Табела бр.11.1**

| Област на изучувањ е | Година на образование | Изостаноци | | | | Поведение | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Опра | Неоп. | Σ | Просек по уч. 2023/2024 | Прим. | Доб. | Недо . | Σ |
| Економиј а право и трговија | **I – година** | 477 | 261 | 738 | **37** | 11 | 6 | 3 | **20** |
| | **II – година** | 283 | 75 | 358 | **26** | 14 | 0 | 0 | **14** |
| | **IV – година** | 515 | 108 | 623 | **30** | 20 | 1 | 0 | **21** |
| **Вкупно (Σ)** | | **1275** | **444** | **1719** | **31** | **45** | **7** | **3** | **55** |

**Преглед на општиот успех на учениците од профилот <u>Продавач-референт за продажни услуги</u>**

**Табела бр.14**

| Год. на Обра. | Вк. Уче. | Ж | Постигнат успех | | | | | | | | Вк. без слаби | Со недоволен успех | | | | | | Неоценети | Вк. со слаби |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлични | | Мн.доб | | Добри | | Доволни | | | Со 1 слаба | | Со 2 слаби | | Со 3 и повеќе | | | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | |
| **I година** | **14** | **2** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | ***1*** | 2 | 1 | 2 | 0 | 8 | 0 | 0 | 13 |
| **II година** | **16** | **3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | ***4*** | 6 | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 12 |
| **III година** | **15** | **5** | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | ***5*** | 2 | 0 | 2 | 1 | 5 | 0 | 0 | 10 |
| **Вкупно** | **45** | **10** | **0** | **2** | **0** | **0** | **2** | **2** | **2** | **2** | ***10*** | **10** | **2** | **5** | **2** | **16** | **0** | **0** | **35** |

**Преглед на изостаноците на учениците од профилот <u>Продавач-референт за продажни услуги</u>**

**Табела бр.14.1**

| Струка | Степен и год.на образование | Изостаноци | | | | Поведение | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Опра | Неоп. | Σ | *Просек по уч. 2023/2024* | Прим. | Доб. | Недо. | Σ |
| Економско правна и трговска струка | **I – година** | 561 | 132 | 693 | **50** | 13 | 1 | 0 | **14** |
| | **II – година** | 1069 | 209 | 1278 | **80** | 13 | 3 | 0 | **16** |
| | **III – година** | 409 | 111 | 520 | **35** | 15 | 0 | 0 | **15** |
| **Вкупно (Σ)** | | **2039** | **452** | **2491** | **55** | **41** | **4** | **0** | **45** |

**Преглед на општиот успех на учениците на крајот од првото полугодие од учебната 2023/2024 година**

**Табела бр.15**

| Година на образование | Број на ученици | ж | Постигнат успех | | | | | | | | *Вкупно без слаби* | Со недоволен успех | | | | | | Неоценети | *Вкупно со слаби* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлични | | Мн.доб | | Добри | | Доволни | | | Со 1 слаба | | Со 2 слаби | | Со 3 и повеќе | | | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | | |
| **I год** | 63 | 16 | 2 | 3 | 8 | 4 | 7 | 4 | 0 | 1 | *29* | 3 | 2 | 4 | 0 | 22 | 1 | 2 | **32** |
| **II год** | 60 | 28 | 3 | 8 | 4 | 8 | 8 | 7 | 2 | 1 | *41* | 9 | 2 | 2 | 1 | 4 | 0 | 1 | **18** |
| **III год** | 27 | 14 | 1 | 5 | 0 | 4 | 1 | 1 | 0 | 1 | *13* | 2 | 1 | 3 | 2 | 6 | 0 | 0 | **14** |
| **IV год** | 26 | 11 | 1 | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 | 0 | *16* | 0 | 2 | 1 | 0 | 7 | 0 | 0 | **10** |
| **Σ** | **176** | **69** | **7** | **18** | **13** | **19** | **19** | **15** | **5** | **3** | ***99*** | **14** | **7** | **10** | **3** | **39** | **1** | **3** | **74** |
| **%** | 100 | 39,2 | 4 | 10.2 | 7.4 | 10.8 | 10.8 | 8.5 | 2.8 | 1.7 | 57,2 | **7.9** | **4** | **5.7** | **1.7** | **22.1** | **0.6** | **1.7** | **42,8** |
| **Вкупно** | | | **25** | | **32** | | **34** | | **8** | | ***99*** | **21** | | **13** | | **40** | | **3** | **74** |
| **%** | | | **14.2** | | **18.2** | | **19.3** | | **4.5** | | ***57,2*** | **11.9** | | **7.4** | | **22.7** | | **1.7** | **42,8** |

**Табела бр.15.1**

| **Област на изучување** | **I - година** | | **II - година** | | **III - година** | | **IV - година** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | паралелка | Среден успех | паралелка | Среден успех | пара-лелка | Среден успех | паралелка | Среден успех |
| **Економија право и трговија** | **1-а** | 3,74 | **2-а** | 4,08 | **3-а** | 3,49 | **4-а** | 2,48 |
| | **1-б** | 3,31 | **2-б** | 3,26 | **3-б** | 2,87 | **4-б** | 2,87 |
| | **1-в** | 2,05 | **2-в** | 2,03 | **3-в** | 1,97 | **4-в** | 3,29 |
| | **1-г** | 1,71 | | | | | | |
| **Вкупно** | ***4*** | **2,57** | ***3*** | **3,12** | ***3*** | **2,78** | ***3*** | **2,77** |
| **Вкупно ученици од I до IV година** | **176** | | | | | | | |

**Табела бр.15.2**

| Година на образование | Број на ученици | М | Ж | Среден успех по години на образование 2023/2024 | Среден успех по години на образование 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| **I год** | 63 | 39 | 28 | **2,57** | **2,95** |
| **II год** | 60 | 16 | 16 | **3,12** | **3,18** |
| **III год** | 27 | 23 | 14 | **2,78** | **2,64** |
| **IV год** | 26 | 28 | 30 | **2,77** | **3,35** |
| **Вкупно** | 176 | 106 | 88 | **2,87** | **3,10** |

**Општиот успех на ниво на училиште е 2,87**

Општ среден успех на крајот на првото полугодие на ниво на училиште за учебната 2023-2024 година е **2.87.** Споредено со минатогодишниот среден успех на полугодие кој е 3,10 можеме да забележиме дека успехот се намалил за  за 0,23.

Најдобар среден успех имаат учениците од паралелка 2-а со 4,08, а најслаб среден успех имаат учениците од паралелка 1-г, 1,71.

Постигнатиот успех во ова полугодие е подобар во споредба со успехот од минатогодишното полугодие но и овој успех е далеку од успехот кон кој се стремиме. Но, со оглед на структурата на учениците во одредени класови и земајќи ја во предвид општата економско - финансиска и социјална состојба и сите промени кои го следат македонскиот образовен систем овој успех е задоволителен. Но, не значи дека во иднина училиштето ќе престане за се залага за подобрување на истиот.

**Преглед на изостаноците на учениците од прва до четврта година**

**од учебната 2023/2024 година**

**Табела бр.16**

| Струка/ сектор | Степен и година на образование | Изостаноци | | | | | Поведение | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Оправдани | Неоправдани | Σ | Просек по ученик 2023/2024 | Просек по ученик 2022/2023 | Примерно | Добро | Незадоволи-телно | Σ |
| Економско - правна и трговска | I | 1233 | 425 | 1658 | **26** | **30** | 53 | 7 | 3 | 63 |
| | II | 1710 | 336 | 2046 | **34** | **40** | 57 | 3 | 0 | 60 |
| | III | 687 | 165 | 852 | **32** | **56** | 27 | 0 | 0 | 27 |
| | IV | 708 | 141 | 849 | **33** | **44** | 25 | 1 | 0 | 26 |
| **Вкупно (Σ)** | | **4338** | **1067** | **5405** | **31** | **41** | **162** | **11** | **3** | **176** |

Од прегледот на изостаноци може да се увиди дека учениците од прва до четврта година во текот на **првото полугодие во учебната 2023/2024 оствариле вкушно 5405 изостаноци од кои 4338 оправдани и 1067 неоправдани, или секој ученик во просек направил 31 изостанок.** Споредбено со првото полугодие од учебната **2022/2023** година биле направени вкупно **7866** изостаноци од кои **6711** се оправдани односно **1155** неоправдани или во просекот по **41 изостанок по ученик.** Во првото полугодие од учебната **2021/2022** година, пак, секој ученик во просек направил **30 изостаноци**. Најголемо влијание на акумулираните изостаноци е отсуствувањето на учениците кои од правдани причини отсуствуваа во од првото тромесечие па се до првото полугодие и истите ученици се упатени на класен испит. Секако, има и ученици кои од оправдани и неоправдани причини отсуствувале во текот на првото полугодие но за истите се спроведени соодветни педагошки мерки и разговори со родителите преку телефонски разговори и состаноци со класните раководители и психологот во училиштето.

**Преглед на изостаноците на учениците од прва до четврта година по класови**

**Табела бр.16.1**

| **Струка / Сектор** | **I- година** | | **II- година** | | **III- година** | | **IV-година** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *пар* | Просек на изостаноци | *пар* | Просек на изостаноци | пар | Просек на изостаноци | *пар* | Просек на изостаноци |
| Економско-правна и трговска / Економија,право и трговија | ***1-а*** | 8 | ***2-а*** | 14 | ***3-а*** | 27 | ***4-а*** | 45 |
| | ***1-б*** | 8 | ***2-б*** | 26 | ***3-б*** | 30 | ***4-б*** | 33 |
| | ***1-в*** | 37 | ***2-в*** | 80 | ***3-в*** | 39 | ***4-в*** | 26 |
| | ***1-г*** | 50 | | | | | | |
| **Вкупно** | ***4*** | **26** | ***3*** | **34** | ***3*** | **32** | ***3*** | **33** |
| **Просек на изостаноци** | **31** | | | | | | | |

На ниво на училиште најредовни се учениците од прва година со 26 изостаноци по ученик, а учениците од втора, трета и четврта година имаат речиси идентичен број на изостаноци по просек на ученик.

Најмал просек на изостаноци по ученик имаат паралелките 1-а и 1-б, а најголем просек учениците од паралелката 2-в.

Податоците за редовноста не се задоволителни поради што се преземени активности за подобрување на редовноста на учениците и тоа на ниво на стручни активи, Наставнички совет и Класен совет. На состаноците предложувани се мерки за подобрување на редовноста на учениците и целиот колектив е активно вклучен за подобрување на општата состојба со учениците. За подобрување на редовноста во училиштето се одржуваат и индивидуални и групни советувања на родители.

## Преглед на изречени педагошки мерки

**Табела бр.17**

| Год. на образование | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг и Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг/Бизнис администратор | | | | Економски техничар/Бизнис администратор и Бизнис администратор | | | | Економски техничар/Правен техничар | | | | Вкупно по години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кл. рак | Совет | Дир. | Нас.сов. | Кл. рак | Совет | Дир. | Нас.сов. | Кл. рак | Совет | Дир. | Нас.сов | |
| **I год** | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 |
| **II год** | 2 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4 |
| **III год** | / | / | / | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | 3 |
| **IV год** | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **Σ** | 3 | 3 | / | / | 3 | 1 | / | / | / | / | / | | 10 |
| | **6** | | | | **4** | | | | **/** | | | | |
| | **10** | | | | | | | | | | | | |

| Год. на образование | Економски техничар | | | | Продавач – референт за продажни услуги | | | | Вкупно по години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кл. рак | Совет | Дир. | Нас.сов. | Кл. рак | Совет | Дир. | Нас.сов | |
| **I год** | 5 | 2 | 6 | 1 | 5 | 1 | 1 | 1 | 22 |
| **II год** | 4 | 4 | / | / | 10 | 6 | 3 | 1 | 28 |
| **III год** | / | / | / | / | 2 | 5 | / | / | 7 |
| **IV год** | 2 | 4 | / | / | | | | | 6 |
| **Σ** | 11 | 10 | 6 | 1 | 17 | 12 | 4 | 2 | 63 |
| | **28** | | | | **35** | | | | |
| | **63** | | | | | | | | |

Од табела број 17 можеме да заклучиме дека во училиштето има изречено вкупно 73 педагошки мерки и тоа 34 мерки се изречени од класен раководител, 26 од Совет на паралелка, 10 од Директор и 3 од Наставнички совет. Учениците од профилот Продавач – референт за продажни услуги имаат најмногу изречени педагошки мерки, а учениците од комбинираната паралелка од профилот Економски техничар/Правен техничар немаат ниту една педагошка мерка.

## II. МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

*„Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот, во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење.“*

За реализацијата на мисијата во тековната 2023/2024 година е дека сите реализирани цели, задачи и активности се насочени кон задоволување на потребите на учениците за стекнување на општи и стручни компентенции. Оваа учебна година во првото полугодие, реализиравме квалитетна и современа настава со еднакви можности за сите ученици, подготвувајќи ги за понатамошно образование и соочување со предизвиците на современото општество. Креиравме заедница во која воспитно-образовниот процес го насочивме кон задоволување на потребите на ученикот за стекнување на општи и стручни компетенции. Во изминатово полугодие целиот колектив допринесе да бидеме отворено училиште со што воспитно – образовниот процес го реализиравме иновативно и ефикасно и го одржавме и подобривме имиџот на училиштето.

Главна задача во нашето училиште е постојано партнерство со локалната бизнис заедница. Имаме одличен деловен однос со бројни истакнати фирми во нашата средина. На овој начин реалното работење им е доближено на учениците, тие добиваат флексибилни знаења и можност да го доживеат својот профил на изучување на еден пластичен начин и да доживеат поголема самодоверба во своето професионално обликување.

***Мото***

***„Биди и ти успешна приказна“***

## III. ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

*„Придонес во развивањето на европските образовни вредности преку обезбедување на сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот“, кое му овозможува стекнување со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество и новите предизвици на пазарот на трудот.“*

ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес во учебната 2023/2024 година им овозможува на своите ученици современа настава преку воведување на иновации и нашите активности беа насочени кон пренесување на знаење од стручни предмети со цел да се генерира и така стекнатото знаење да биде применливо во секојдневниот живот и да им овозможи поттикнување на креативни потенцијали и откривање на способностите кај секој поединец или група.
Покрај теоретските знаења ние им овозможуваме да се стекнат и со практични знаења, со изведување на практична работа во локалната бизнис заедница преку состаноци и се запознаа со одредени аспекти од работењето на овие институции со цел да го поврзат она што теоретски го сретнуваат во книгите и часовите со практична настава.

Визијата на ОСУ „Јовче Тесличков“- Велес ја оствaруваме преку водење на воспитно-образовен процес кој поттикнува истражување и индивидуално критичко размислување и индивидуалниот развој кај секој ученик. Нашите ученици се оспособуваат да одговорат на актуелните барања на пазарот на труд и успешно да се справат со потребите на современото живеење. Наставниците се обединети во мислата за реализацијата на визијата на нашето училиште преку тимската работа кое им нуди перспектива и ги прави да бидат задоволни. Ги поврзуваме сите наставни предмети со бизнисот и со професионалните организации, со што му даваме значење на "вистинскиот живот" во сите области на изучување. Тоа ја збогатува перспективата на учениците во учењето и им овозможува да ги развиваат клучните способности што ќе ги подготват за професионалниот и за секојдневниот живот.

Остварливоста на визијата ни претставува основа за јакнење на чувството на групен идентитет, блискост на наставници и ученици кои ќе работат на остварување на заедничките цели во работата и животот на училиштето. Голем дел од наставниците се обединети следбеници во реализацијата на визијата на нашето училиште преку тимската работа кое им нуди перспектива и ги прави да бидат задоволни.

За успешно реализирање на нашата визија, се придржуваме кон следните вредности:

- *Квалитетна настава* - им овозможуваме квалитетно образование на учениците кое е стабилна основа за факултетска надоградба и стекнување на стручни компетенции за соочување со конкуренцијата на пазарот на трудот;
- *Интегритет* - се стремиме кон одржување на највисоки стандарди на етика и однесување при што се овозможуваат еднакви можности за учење и напредување на сите наставници и ученици;
- *Интелектуална слобода* - го промовираме правото на сите вработени и ученици и пошироката заедница за слободно изразување на нивните ставови во духот на взаемно почитување и разбирање.

## IV. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

### Приоритетни подрачја и потреби за тековната 2023/2024 учебна година

При одредување на приоритетните подрачја на работа, развојниот тим во предвид ги зема потребите на учениците и наставниците и потребните активности за подобро функционирање на училиштето. Не се занемаруваат и реалните можности на училиштето. За учебната 2023/2024 година како приоритети за промена согласно Развојната програма на училиштето утврдени се следниве подрачја:

**Прв приоритет**: Унапредување на наставниот процес

**Втор приоритет**: Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето

**Трет приоритет**: Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа

**Од првото приоритетно подрачје** реализирани се поголем дел од планираните активности и задачи во планираните временски рамки. Континуирано соработуваме со Центар за средно стручно образование со цел барање поддршка за воведување на нови атрактивни профили заради унапредување на уписната политика. Наставниците применуваат интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да ја подобрат средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина, а начинот на кој се учи интересен. Најголем дел од кабинетите се опремени со ЛЦД проектори, интерактивни и бели табли и наставниците користат ИКТ во наставата. Како што може да се воочи од реализираните активности наведени погоре во извештајот, нашето училиште веќе е вклучено во значајни национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во вонаставните активности и национални и интернационални образовни проекти,

меѓутоа ќе продолжиме и понатаму да бараме вклучување во уште поголем број на проекти кои ќе бидат во интерес на нашите ученици и развојот на училиштето.

Во однос на **второто приоритетно подрачје** континуирано се реализираат планираните активности и задачи во планираните рокови. Постојано се работеше, во текот на цело прво полугодие, на подобрување на климата за време на часовите, преку интензивна соработка на класните раководители и сите предметни наставници со психологот и со родителите на учениците. Зајакната е комуникацијата на класните раководители, стручната служба и родителите во однос на спроведувањето и реализацијата на наставата. Континуирано работиме и на зајакнување на интерперсоналните односи во училиштето. Психологот спроведе обуки за учениците за развој на емоционална интелегенција преку подигнување на свеста за превенирање на врсничко насилство и подигнување на свеста за важноста на менталното здравје. Имаме воспоставено солидна соработка со социјалните служби, а континуирано се унапредуваат и веќе воспоставените форми на соработка со бизнис секторот преку новите модуларно дизајнирани програми и се одржуваат средби за реализација на наставните програми по предметот Учење преку работа кај работодавач и Практична настава. Континуирано се работи на почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето и тоа од страна на сите чинители во воспитно-образовниот процес.

Во однос на **третото приоритетно подрачје**, исто така беа успешно реализирани предвидените активности во ова полугодие. Имено, се изврши:
- реконструкција на плафонска површина во спортската сала;
- замена на водоводна мрежа во тоалетите и замена на стари водоводни цевки со нови;
- донација од Маркарт Македонија ДООЕЛ на 20 куќишта за компјутери со тастатури и глувчиња, 4 маси за состаноци, 1 биро и 6 бели мобилни табли.
- започната е и постапка за реконструкција на фасадата, но не е донесена одлука поради повисоките цени на понудувачите.

## V. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

Имајќи ги во предвид утврдените приоритетни подрачја на промени интегрирани во Планот за развој на училиштето, дефинирани се следниве развојни цели.

***Подрачје 1.*** **Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови**

**Развојна цел 1.1** Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули;

**Развојна цел 1.2** Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина, а начинот на кој се учи интересен;

**Развојна цел 1.3** Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти.

**Во однос на *првата развојна цел,* во склоп на стручните активи и на Наставнички совет постојано се разговара за изнаоѓање на начини за зголемување на интересот за упис во економско- правната струка. Воедно се разговараше дека има потреба од дополнување на профилите кои се нудат на ниво на струка, бидејќи постоечките профили не го задоволуваат интересот на деветтоодделенците. Од страна на активот за јазици и општествена група предмети беше дадена и идеја да се размислува и за воведување на втора струка во училиштето со цел тоа да стане поатрактивно за деветтоодделенците. Директорот е во постојан контакт со Центар за средно стручно образование.**

Во поглед на *втората развојна цел,* примена на современи методи и ИКТ во наставата, може да се каже дека најголем дел од наставниците континуирано применуваат интерактивни методи

и ИКТ во наставата благодарение на опременоста на кабинетите со ЛЦД проектори, поседување на лични лаптопи од страна на наставниците, како и искуството кое тие го стекнаа на обуката за дигитален маркетинг која беше реализирана во месец Август 2023, непосредно пред започнување на учебната година. Примената на ИКТ во наставата го подобри квалитетот на наставата и го зголеми интересот на учениците за учење. Со достапноста на интернетот се создаде можност учениците и наставниците да се вклучат во реализација на сите типови на час како за стекнување на нови знаења така и за повторување и утврдување. Учениците имаа можност со користењето на интернетот да истражуваат, да бараат податоци, а потоа да ги презентираат во текстуален формат, табеларно, со помош на графикони или во вид на видео презентација.

Во поглед на *третата развојна цел,* односно барање на поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, можеме да кажеме дека училиштето на сопствена иницијатива се вклучува во национални и меѓународни проекти кои имаат за цел да да им помогнат на учениците и наставниците во својот личен развој и надоградување на знаењата, како и да овозможат подобрување на имиџот на училиштето.

***Подрачје 2:*** **Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето**

**Развојна цел 2.1.** Подобрување на климата за време на часовите;

**Развојна цел 2.2.** Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес;

Во однос на *првата цел,* психологот на училиштето веќе организираше обуки за учениците кои можат да им помогнат за развој на емоционалната интелегенција. Понатаму, континуирано работиме на зголемување на дисциплината за време на часовите преку соработка на наставниците со психологот и родителите се со цел да има подобра клима за работа, а со тоа и поквалитетна настава. Исто така, професорите континуирано бараат и посетуваат обуки за нивен личен развој.

Во однос на *втората цел,* зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес, во првото полугодие од оваа учебна година работевме интензивно на зајакнување на соработката со социјалната служба со цел активирање на поголема соработка со одреден број родители кои се тешко достапни. Разговаравме со претставници од социјалната служба, испраќавме писма до родителите по потреба. Можеме да истакнеме дека во ова подрачје имаме значителен напредок. Исто така, работевме и на воспоставување на индивидуален пристап кон учениците од страна на наставниците и педагошко- психолошката служба. Континуирано разговаравме на сите состаноци, на активите и на наставнички и класни совети за негување на високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите. Директорот, психолошко- педагошката служба и сите наставници во училиштето инсистираат на континуирано почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето. Училиштето одржува континуитетот на ефективната соработка со родителите, со локалната и деловната заедница. Постои постојана комуникација, телефонска и писмена помеѓу класните раководители и родителите. Во однос на унапредување на односите и комуникацијата со опкружувањето, се оддржува и зајакнува соработката со локалната бизнис заедница.

***Подрачје 3:*** **Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа**

**Развојна цел 3.1.** Обезбедување на повеќе финансиски средства за потребите на училиштето од видот на капитални инвестиции: нова фасада, подови на кабинетите, реновирање на тоалетите, реновирање на спортската сала;

**Развојна цел 3.2.** Уредување на училишниот двор;

Во однос на *првата цел,* како што е наведено и погоре во извештајот, училиштето во првото полугодие успешно спроведе реконструкција на плафонска површина во спортската сала и направи замена на водоводна мрежа во тоалетите и замена на стари водоводни цевки со нови. Како резултат на континуираната успешна соработка со бизнис заедницата, училиштето доби и

донација од Маркарт Македонија ДООЕЛ на 20 куќишта за компјутери со тастатури и глувчиња, 4 маси за состаноци, 1 биро и 6 бели мобилни табли. Започната е и постапка за реконструкција на фасадата, но не е донесена одлука поради повисоките цени на понудувачите, меѓутоа училиштето има испланирано и поставено како задача да продолжи со соработката со бизнис заедницата во насока на обезбедување на дополнителни средства и донации.

Во однос на *втората цел,* дворното место е тековно одржувано без значителни промени и санации.

## VI. ПЛАН ЗА ЕВАЛВАЦИЈА

### 1.Општа оценка од следењето и евалуацијата на реализираните активности од раководниот и стручниот кадар

Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година реализирани се поставените цели, задачи и активности, односно успешно е организирано и реализирано целокупното работење во училиштето. Во однос на програмско концепциско подрачје реализирани се планираните задачи и се овозможи непречено започнување на учебната година на 01.09.2023 година.

Наставниците се мотивирани за професионално усовршување и активно вклучување на сите полиња во работниот процес на училиштето. Соработката со стручните органи во училиштето се одвиваше непречено и во соработка со сите вклучени ентитети. Поднесени се сите извештаи пред Наставнички и Класен совет, Стручни активи, Училишен одбор, Совет на родители и Средношколска заедница. Планираните активности во однос на аналитичко студиската работа се реализирани. Полугодишниот и извештајот за првото тромесечие се изготвени со информации и анализа на реализација на програмите на воспитно- образовната работа. Овие документи содржат анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците, анализа на однесувањето на наставниците во целокупната работа на училиштето, активностите спроведени за тој период. На овој начин редовно и активно ја следиме успешноста на работата на училиштето и јасно се движиме низ поставените цели.

Во соработката со родителите оствaривме солидна соработка и ги доближивме на повеќе начини до работата на училиштето и процесот на образование на нивните деца. Извршивме кооптирање на нови членови во Советот на родители. Се одржуваа состаноци на кои родителите беа вклучени во одлучувањето, беа запознавани со животот и работата во училиштето и имаа можност да даваат предлози, мислења, забелешки со кои се вреднува и оценува работата на училиштето. Преку програмата за Советување на родители наидовме на мотивирани родители кои со интерес се вклучија во напорите да го подобриме успехот и редовноста на учениците во училиштето.

### 2. Исполнетост на критериуми за успех

**Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година се исполнети следниве критериуми за успех:**

- Примена на ИКТ во наставата, современи методи и техники во наставата;
- Подобрување на климата за време на часовите и квалитетот на наставата;
- Редовно организирана дополнителна и додатна настава;
- Зголемено користење на можностите на интернет од страна на наставниците;
- Зголемен степен на одговорност кај наставниците и учениците;
- Одржани обуки за учениците од страна на психологот во училиштето;
- Почеста и поквалитетна комуникација наставник, родител, ученик, стручна служба и центар за социјална работа;
- Опремени кабинети за практична работа на учениците како резултат на соработка со

бизнис секторот;
- Изречени награди и пофалници на ученици и ментори;
- Личен развој на наставници преку учество на семинари и работилници;
- Донесување на заеднички одлуки со родителите од интерес на училиштето;
- Подобрени условите за работа во кабинетите и општо во училиштето преку грижа за опремување на сите училници со ЛЦД проектори и стабилен интернет како и реконструкција на плафонска површина во спортската сала и замена на водоводна мрежа во тоалетите и замена на стари водоводни цевки со нови;
- Приближување на стручното образование кон потребите на учениците и на пазарот на трудот преку континуирана соработка со бизнис заедницата како и преку активно учество на работилници за подобрување на квалитетот на Учење преку работа организирани од МОН, БРО и Центар за средно стручно образование.

## 3. Колку успешно се реализирани поставените цели, задачи и активностите од кои ќе се утврдат приоритети за наредната учебна година

Од извршената анализа на тоа што е реализирано во првото полугодие од оваа учебна година може да се констатира дека поголем дел од планираните развојни цели, задачи и активности се реализирани. Во врска со задачите и активностите што не се реализираа во ова полугодие, ќе се настојува да станат приоритет во второто полугодие од учебната 2023/2024 година, а тоа е:

- Да се најде начин за обезбедување на финансиски средства со цел да се продолжи постапката за обновување на фасадата;
- Понатамошна имплементација на обуки и едуцирање на наставен кадар;
- Продолжување со работа за подобрување на успехот и редовноста на учениците и климата за работа на часовите;
- Продлабочена соработка со стопанските субјекти и родителите;

## 4. Соработка со локалната средина, Биро за развој на образованието, МОН, родителите и другите установи и институции

Во првото полугодие од учебната 2023/2024 година ОСУ „Јовче Тесличков“ реализираше добра соработка со локалната самоуправа, Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука. И во второто полугодие продолжуваме да оствaруваме квалитетен однос и да ја јакнеме соработката со институциите за да оствариме квалитет во воспитно-образовниот процес и да ја одбраниме мисијата и визијата на нашето училиште.

| | |
|---|---|
| Директор: | Претседател на УО: |
| ___________________________ | ________________________ |
| м-р Васко Трајковски | Антонио Пановски |